Врз основа на член 47 став (14) од Законот за управување со отпадот (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД, ОБРАЗЕЦОТ НА УВЕРЕНИЕТО И СЕРТИФИКАТОТ, КАКО И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит за управување со отпад, образецот на уверението и сертификатот, како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит.

### Член 2

(1) За полагање на стручниот испит за управување со отпад (во понатамошниот текст: стручен испит) кандидатот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(2) Со барањето за полагање на стручниот испит од ставот (1) на овој член кандидатот поднесува и докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит утврдени во членовите 48 и 49 од Законот за управување со отпадот (*).

### Член 3

(1) Стручниот испит кој се состои од два дела се полага пред Комисија за полагање на стручен испит за управување со отпад (во понатамошниот текст: Комисија) според програма за полагање на стручен испит во која се содржани градивото, прописите и литературата и тоа:
- со првиот устен дел (теоретски дел) се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- со вториот писмен дел (практичен дел - студија на случај) се проверува практичната способност на кандидатите.
(2) За двата дела од стручниот испит од ставот (1) на овој член, однапред се подготвени прашања во еднообразни листови (картички), така што на секој лист има по едно прашање.
(3) По извлекувањето на три прашања од првиот устен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 1 на овој член, кандидатот има 15 до 30 минути за изработка на концепт на одговор на прашањата.
(4) Вториот писмен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 2 на овој член се состои од:
- еден практичен пример (студија на случај) и
- три прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.
(5) За текот на првиот устен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 1 на овој член се води записник од страна на секретарот на Комисијата во кој се внесуваат податоци за името и презимето на кандидатот, составот на Комисијата, времето на полагање на стручниот

испит, прашањата на кои кандидатот одговара, оценката на првиот устен дел на стручниот испит (положил/не положил), како и други поважни забелешки во текот на овој дел од стручниот испит и истиот се доставува до членовите на Комисијата за потпис.
(6) За текот на вториот писмен дел на стручниот испит од ставот (1) алинеја 2 на овој член се води записник од страна на секретарот на Комисијата во кој се внесуваат податоци за името и презимето на кандидатот, составот на Комисијата, времето на полагање на стручниот испит, практичниот пример (студија на случај) и прашањата на кои кандидатот одговара, оценката на вториот писмен дел на стручниот испит (положил/не положил), како и други поважни забелешки во текот на овој дел на стручниот испит и истиот се доставува до членовите на Комисијата за потпис.
(7) По завршениот прв устен дел и втор писмен дел на стручниот испит Комисијата составува писмен извештај кој што го потпишуваат сите членови на Комисијата.

**Член 4**

Стручниот испит се спроведува најмалку два пати годишно, во две сесии априлска и октомвриска.

**Член 5**

(1) Пред да отпочне со полагање на стручниот испит, од страна на кандидатот се доставува потврда за завршена обука за управител со отпад, односно за виш управител со отпад.
(2) Овластеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит.

**Член 6**

(1) На кандидатот му се овозможува да го полага стручниот испит во првиот нареден термин од денот на одобрувањето на барањето за полагање на стручниот испит.
(2) Ако во текот на полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на стручниот испит (болест, породилно отсуство и слично), за тој кандидат ќе се прекине стручниот испит за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(3) Барањето за продолжување на стручниот испит може да се поднесе во рок од осум дена од денот на престанокот на причините за одлагање на стручниот испит од ставот (2) на овој член, но не подоцна од шест месеци од прекинот.
(4) Кандидатот кој нема да поднесе барање за продолжување на стручниот испит во рокот определен во ставот (3) на овој член, ќе се смета дека не го положил стручниот испит.
(5) Во продолжувањето на стручниот испит кандидатот го полага само оној дел од стручниот испит што го немал положено.

**Член 7**

(1) Стручниот испит се полага во службените простории на органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина кој за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши стручните и техничко-административните работи.

(2) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагањето се присутни членовите на Комисијата и едно овластено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

**Член 8**

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, се утврдува идентитетот на кандидатот од страна на овластено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со увид во личната карта.
(2) За време на полагањето на првиот устен дел на стручниот испит, не треба да се користат закони, стручна литература, мобилен телефон, преносен компјутер и други технички и информатички средства и слично од страна на кандидатот, а за време на полагањето на вториот писмен дел на стручниот испит, може да се користат закони (без коментари и објаснувања) во хартиена форма.
(3) За време на полагањето на првиот устен и вториот писмен дел на стручниот испит кандидатот не треба да контактира и со други кандидати или лица.
(4) При полагањето на првиот устен и вториот писмен дел на стручниот испит доколку од страна на кандидатот се постапува спротивно на ставовите (2) и (3) на овој член полагањето на стручниот испит ќе се прекине за тој кандидат и ќе се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит, што се констатира во записникот кој се однесува на полагањето на стручниот испит.

**Член 9**

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот устен дел (теоретски дел), а во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот устен дел се полага вториот писмен дел (практичен дел - студија на случај).
(2) Вториот писмен дел на стручниот испит се полага на тест со печат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на кој кандидатот го решава практичниот пример (студија на случај).

**Член 10**

(1) Првиот устен дел на стручниот испит се полага усно за соодветната област од Програмата за полагање на стручниот испит од членот 3 став (1) од овој правилник, со одговарање на три прашања пред Комисијата.
(2) Доколку кандидатот не го положил првиот устен дел на стручниот испит согласно ставот (1) на овој член, се смета дека стручниот испит не е положен.

**Член 11**

(1) Вториот писмен дел на стручниот испит се полага писмено и се состои од еден практичен пример (студија на случај) и три прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичен пример.

(2) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример (студијата на случај) се од соодветната област од Програмата за полагање на стручниот испит од членот 3 став (1) од овој правилник, а ги определуваат членовите на Комисијата, при што истите имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се половично точни и четири се неточни.
(3) Доколку кандидатот не го положил вториот писмен дел на стручниот испит согласно ставовоте (1) и (2) на овој член, се смета дека стручниот испит не е положен.

**Член 12**

Резултатите од полагањето на првиот устен дел и вториот писмен дел на стручниот испит на кандидатот ќе бидат јавно достапни на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина .

**Член 13**

(1) На секој кандидат непосредно пред започнувањето на вториот писмен дел на стручниот испит му се дава плик и лист со печат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на кој тој ги запишува своите лични податоци (име и презиме и ЕМБГ) и пликото се затвора.
(2) Пликоата и/или листовите на кои има додадено редени броеви или белези се поништуваат и се смета дека кандидатот не го положил вториот писмен дел на стручниот испит.

**Член 14**

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот устен дел или вториот писмен дел на стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност за спроведување, полагањето на стручниот испит се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на стручниот испит, истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член, стручниот испит се презакажува за друг термин, но не подоцна од предвидениот термин за наредната сесија.

**Член 15**

Времетраењето определено за одговарање на прашањата од првиот устен дел и вториот писмен дел од тестот за полагање на стручниот испит изнесува 90 минути.

**Член 16**

(1) Стручниот испит за управител со отпад, за кандидатите кои го положиле завршува со издавање на уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на стручниот испит.
(2) Уверението за управител со отпад се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(3) Формата и содржината на образецот на уверението од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 17**

(1) Стручниот испит за виш управител со отпад, за кандидатите кои го положиле завршува со издавање на сертификат во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.
(2) Сертификатот за виш управител со отпад се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.
(3) Формата и содржината на образецот на сертификатот од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 18**

На барање на кандидатот органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување на непосреден увид во тестот.

**Член 19**

Материјалите од одржаните стручни испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и спецڅмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, се чуваат во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

**Член 20**

(1) За полагање на стручниот испит кандидатот плаќа надоместок во износ од 12.000 денари на сметката на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(2) Ако надоместокот не е уплатен на сметката на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина од ставот (1) на овој член најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на стручниот испит, кандидатот не може да го полага стручниот испит.
(3) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага стручниот испит, уплатените средства се враќаат на кандидатот .

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Програмата за полагање на стручен испит за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16), Правилникот за начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за управител со отпад како и формата и содржината на уверението („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16), Правилникот за просторните услови на материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16) и Правилникот за висина на надоместокот врз основа на реално направените трошоци за полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16).

**Член 22**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 12-927/1
07-02-2022 година
Скопје

Министер за животна средина и
просторно планирање
Насер Нуредини

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: ____________
Датум: ____________ година

# У В Е Р Е Н И Е
**за управител со отпад**

____________________ (име, татково име и презиме), роден/а на ________________ (датум и место на раѓање), дипломирал/а на ден ____________________ (датум на дипломирање) на Универзитет ____________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положил/а **стручниот испит за управител со отпад** на ден ____________ година (ден на полагање на стручниот испит) и се стекнал/а со **уверение за управител со отпад**, а со тоа се стекнува со право да биде запишан/а во Регистарот за отпад што го води Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животна средина.

Министер за животна средина и
просторно планирање

________________

М.П

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: ____________
Датум: ____________ година

# СЕРТИФИКАТ

**за виш управител со отпад**

____________________ (име, татково име и презиме), роден/а на ________________ (датум и место на раѓање), дипломирал/а на ден ____________________ (датум на дипломирање) на Универзитет ____________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положил/а **стручниот испит за виш управител со отпад** на ден ____________ година (ден на полагање на стручниот испит) и се стекнал/а со **сертификат за виш управител со отпад,** а со тоа се стекнува со право да биде запишан/а во Регистарот за отпад што го води Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животна средина.

Министер за животна средина и
просторно планирање

________________

М.П